УДК: 27-526.62:7.078:[271.22(497.711)"653"

Владимир Таневски
Фондација „Македонида“
vladimirt.1997@gmail.com

# КТИТОРСКИТЕ КОМПОЗИЦИИ ОД СЕЛОТО МАРКОВА СУШИЦА (СВ. БОГОРОДИЦА И СВ. ДИМИТРИЈА)

*Апстракт.* – Трудот претставува анализа на три ктиторски композиции од црквите во скопското село Маркова Сушица, поточно една композиција во црквата Св. Богородица позната и како Св. Никола и две композиции во црквата Св. Димитрија–католиконот на Марковиот манастир. Двете цркви се географски блиски, лоцирани на течението на Маркова Река, додека ктиторските композиции кои се наоѓаат во нив потекнуваат од XIV век. Ктиторските композиции од двете цркви говорат за богатата средновековна историја на самото село, но и општо на целата скопска област, која пак изобилува со споменици на културата од средновековниот период. Преку овој научен труд се надеваме дека ќе придонесеме кон истражувањето и научната дебата за ктиторските композициии, и секако нивното значење за историјата и историјата на уметност.

*Клучни зборови.* – фрескоживопис, ктитори, композиции, крал Волкашин, крал Марко.

Во научната јавност веќе е познато дека во скопското село Маркова Сушица постојат три ктиторски композиции и тоа во црквите: Св. Богородица (позната и како Св. Никола) и католиконот на Марковиот манастир – Св. Димитрија, која е најпозната црква од ова скопско село. Целата скопската околина изобилува со вредни споменици на културата, средновековни храмови, кои ги има во голем број, посебно на Скопска Црна Гора и во реонот на Матка. Во текот на историјата постоеле и други цркви во селото Маркова Сушица, кои денес не се зачувани: Св.

Богородица (сл. 1-2) и Св. Архангели (сл. 3).[1] Црквата Св. Богородица била мала црква со една купола, се урнала во 1916 година.[2] Во оваа црква бил зачуван фрескоживопис.[3] Св. Архангели била мала црква, која била малку зачувана.[4] Според преданијата, црквата Св. Архангели била заветнина на сопругата на кралот Марко[5].

*Св. Богородица* (*Св. Никола*) – црквата се наоѓа на патот кој води до Марковиот манастир. Архитектонски претставува еднокорабна градба со полукружен свод (сл. 4), градена од кршен камен и тули, на западниот дел има припрата која била подоцна изградена.[6] Црквата во текот на историјата била во лоша состојба (сл. 5). Според И. Ѓорѓевиќ, наосот на црквата е изграден на крајот на XIII или почетокот на XIV век, додека припрата е изградена во XIV век.[7] Во внатрешноста на храмот се зачувани неколку фрагменти од фрескоживописот во олтарот и претстави на житиeто на Богородица во наосот. Фрескоживописот во наосот е датиран во крајот на XIII или почетокот на XIV век.[8] На јужната фасада на припратата има претстава на ктиторска композиција која е тешко оштетена, боите се избледени до непрепознавање, се забележуваат само контурите од фигурите и фрагменти од одеждите (сл. 6). Композицијата ја сочинуваат шест фигури и една псевдоикона на св. Никола. Според И. Ѓорѓевиќ ова е претстава на една фамилија т.е. брачен пар со три деца, а дополнително и еден архиереј.[9] Од тоа што денес се гледа, од шестте фигури со сигурност може да кажеме дека две се машки фигури, а една женска, другите фигури се зачувани до половина. Архиерејот кој е свртен накај машката фигура од левата страна и со рака покажува накај фигурата, е облечен во полиставрион, епитрахил и надбедреник. Од цртежот на И. Ѓорѓевиќ (сл. 7), забележуваме дека машката и женската фигура од левата страна се облечени во богато декорирани одежди. Машката фигура била облечена во пурпурен костим, со цветни украси, околу појасот има ремен од метални плочки, околу вратот на облеката имал бисери.[10] Женската фигура била облечена во долг пурпурен костим, додека на

---

[1] Ј. Поповић 1923, 114.
[2] Ibid., 114; Мирковић, Татић 1925, 29.
[3] Мирковић 1926, 307.
[4] Ј. Поповић 1923, 114–115; Мирковић, Татић 1925, 30.
[5] Васиљевић 1930, 445.
[6] Балабанов, Николовски, Ќорнаков 2010, 41; Мирковић, Татић 1925, 29.
[7] Ђорђевић, 1994, 167.
[8] Балабанов, Николовски, Ќорнаков 2010, 42.
[9] Ibid., 167.
[10] Ibid., 167.

главата имала вел.[11] И. Ѓорѓевиќ тврди дека и другите три претстави кои се зачувани до половина се претстави на припадници на властелата.[12]

За тоа кои се претставени на оваа композиција до сега пронајдовме две тези. Првата теза е дека се претставени охридскиот архиепископ Никола, великиот војвода а подоцна деспот Јован Оливер и неговата жена Ана Марија, и се базира на фактот имаат сличности со претставите на оваа властелинска двојка во параклисот посветен на св. Јован Претеча лоциран на првиот кат на црквата Св. Софија во Охрид, оваа теза е наведена во книгата „Споменици на културата на Македонија".[13] Претстави на Јован Оливер во Македонија се зачувани во црквите: Св. Архангел Михаил во Лесновскиот манастир (1346–1347; 1349)[14] и параклисот посветен на св. Јован Претеча во црквата Св. Софија во Охрид (1347–1350).[15] Потврдување на оваа теза, дека ова е претстава на Јован Оливер и неговата сопруга Ана Марија е тешко, бидејќи композицијата е сериозно оштетена дури до непрепознавање, тешко би можело да се одговори на прашањето зашто би бил претставен Јован Оливер во оваа црква. Дополнително познато е дека феудалниот господар Јован Оливер за првпат го сретнуваме во историските извори во 1336 година.[16] Од аспект на симболичко значење, оваа црква не се вбројува меѓу најзначајните цркви на територијата на Македонија, додека портретот во Охрид е насликан во катедралата на Охридската архиепископија, и со тоа Јован Оливер на некој вид ја изразил поддршката кон оваа црковна организација. Според Б. Кнежевиќ во рамки на оваа композиција претставени се скопскиот епископ Никола, до него е претставен казнацот Драгослав, додека до него најверојатно е претставена неговата тешта. Од другата страна се сопругата на казнацот Драгослав, казницата Елена и две други фигури, кои според авторката се кралот Милутин и кралицата Симонида.[17] Познато е дека казнацот Драгослав бил ризничар на кралот Милутин, во 1289 година бил назначен за „голем слуга", понатаму во 1308 година се спомнува како сведок во еден документ на кралот Милутин, според историските извори Драгослав го добива селото Сушица (Маркова Сушица) како

---

[11] Ibid., 167.

[12] Ibid., 167.

[13] Балабанов, Николовски, Ќорнаков 2010, 42.

[14] Коруновски, Димитрова 2006, 191–197.

[15] Грозданов 2016, 100–103.

[16] Атанасовски 2009, 112.

[17] Кнежевић 2019, 171–185, 181.

посед со кој ќе управува во околу 1299/1300 година.[18] Познато е дека околу 1300 година, казнацот Драгослав подарил лозје на манастирот Св. Ѓорѓи во Скопје.[19] Исто така Б. Кнежевиќ наведува и историски документи во кои се спомнува скопскиот епископ Никола.[20] Драгослав и Елена се спомнуваат и во документот составен од анагност Радин од Жеглигово за попот Загоранин од Сушица, од околу 1300 година.[21] Тука треба да се напомене дека казнацот Драгослав бил ктитор на црквата Св. Богородица Одигитрија во с. Мушутиште кај Призрен, изградена во 1315 година, во натписот се спомнуваат и сопругата Елена, синот Станиша и ќерката Ана.[22] Во 1315 година казнацот Драгослав добил титуларното име Јован и бил назначен на „голем казнац".[23] Познато е дека помеѓу 1322 и 1326 година, Драгослав добил титула деспот бидејќи се оженил со Теодора, мајката на царот Душан.[24] Доколку се прифати ставот дека ова е претстава на казнацот Драгослав со Елена и неговата тешта, тогаш, оваа ктиторска композиција може да се датира во првата половина на XIV век. Може да се заклучи дека ова навистина може да е претстава на едно семејство, на што упатува и И. Ѓорѓевиќ, иако не се претставени три туку две деца (Станиша и Ана) и некоја поблиска роднина, можеби веќе споменатата тешта. Најверојатно брачниот пар казнацот Драгослав и Елена, се претставни заедно на левата страна, и ги предводи еден архијереј. Можеби ова семејство биле ктиторите кои ја финансирале изградбата на припратата, па затоа се претставени на јужната фасада. Во средновековните фрескоансамбли во Македонија се евидентирани неколку ктиторски композиции кои ги сочинуваат целите семејства, меѓу кои ние како најзначајни ќе ги издвоиме композициите во: нартексот на црквата на Воведение на Богородица во с. Кучевиште (1332–1337)[25] и Св. Никола во с. Псача (1365–1371).[26]

*Св. Димитрија во Марковиот манастир* – бисер на византиската уметност во Македонија, и заветнина на можеби најпознатите средновековни владетели во Македонија – кралот Волкашин и неговиот син, ле-

[18] Ibid., 179–180.
[19] Ферјанчић 1960, 157.
[20] Кнежевић 2019, 179.
[21] Стојановић 1902, 15–16.
[22] Ђурић, Бабић–Ђорђевић 1997, 35.
[23] Томовић 2004, 257–270, 267.
[24] Ферјанчић 1960, 35.
[25] Димитрова 2019, 562–563.
[26] Коруновски, Димитрова 2006, 200–202.

гендарниот крал Марко.[27] Основата на црквата е во облик на впишан крст во правоаголен простор надвишена со осумстрана купола, со правоаголен нартекс на западната страна.[28] Во ентериерот на црквата поточно над јужниот влез во фрескотехника е испишан ктиторскиот/донаторскиот натпис кој гласи:

> *Се обнови овој пребожествен храм на светиот великомаченик христов чудотворец Димитрија, со усрдието и поспешението на благоворениот крал Волкашин и со благоверната кралица Елена и со многу љубените нивни ќерки и синови благоверниот крал Марко и Андреаш, Иваниш и Димитар во годината 1377. А овој манастир почна да се ѕида во 1345 во дните на благоверниот цар Стефан и христољубивиот крал Волкашин, а се заврши во дните на благоверниот и христољубивиот крал Марко.*[29]

Интересно е што во натписот Волкашин е наведен со титула крал уште во 1345 година, иако познато е дека Волкашин ја добил кралската титула во 1365 година кога станал совладетел на царот Урош,[30] а воедно ни кралот Стефан Душан не бил официјално крунисан за цар во 1345 година.[31] Иако не е јасна хронолошката упатница кон годината 1344/1345, највероjатно, треба да се поврзе со подготвителните активности околу изградбата на црквата и основањето на манастирскиот комплекс.[32] Секако познато е дека периодот од 1371 година па сè до 1377 година е мошне тежок за овие области, поради самиот факт што во 1371 година, војската на Волкашин и брат му Углеша е целосно уништена на реката Марица, и црквата е своевиден документ за историската трагедија на Македонија во времето на турски освојувања. Хроничарот Исаија Серски запишал дека после битката на Марица, „живите им завидуваат на мртвите".[33]

Во црквата има две ктиторски композиции, една во внатрешноста поточно на северниот ѕид во прва зона и една на јужната фасада. Во целата прва зона на наосот е илустрирана композицијата Небесен дворец, инспирирана од 44–от Давидов псалм, светители облечени како

---

[27] За кралот Марко види повеќе во: Таневски 2020, 149–159.

[28] Димитрова 2019, 471–578, 526; Коруновски, Димитрова 2006, 130–132.

[29] Ќорнаков 2009, 67–69; дополнително во: Ношпал–Никуљска 1975, 405; Миљковиќ–Пепек 2001, 13, калк. 1.

[30] Томовски 1969, 193–196, 194; Атанасовски 2009, 169–170.

[31] Душан е крунисан за цар на 16 април 1346 година во Скопје: Атанасовски 2009, 52; Ђорђевић 1997, 299–307, 305.

[32] Димитрова 2019, 526; Dimitrova 2019, 117–134, 130–133.

[33] Димитрова 2019, 546.

дворјани ја придружуваат Деисисната тројка, царот Давид, дополнително инкорпорирани се: кралот Волкашин, кралицата Елена и кралот Марко.[34] За жал ктиторската композиција е мошне оштетена, зачувани се само неколку фрагменти (сл. 8-9). Интересно е да се напомене дека претходните истражувачи, пишувале разни тези за оваа композиција, на пример: А. Стевановиќ, наведува на ктиторски портрети кои се наоѓаат на северниот ѕид, два и пол метри западно од иконостасот. Авторот наведува дека тука се насликани кралот Волкашин, кралицата Елена, една нивна ќерка (позади кралот Волкашин), ангел кој ги носи до фигурата која седи, која според А. Стевановиќ е царот Урош.[35] Понатаму авторот наведува и дека на јужниот ѕид има претстава на кралот Марко, а на северниот ѕид позади ќерката на кралот Волкашин има претстава на св. Сава.[36] А. Стевановиќ прв започнал да го чисти фрескоживописот во првата зона, тоа што го опишал на северниот ѕид е дел од композицијата на Деисисот (Исус, Богородица и еден ангел), кралот Волкашин е претставата на старозаветниот цар Давид, а позади него се светители облечени во дворјанска/властелинска облека[37] (не ќерката на кралот Волкашин и св. Сава). Од спротивната страна не е кралот Марко, туку св. Димитрија – патронот на храмот[38].

Во 1968 година по конзерваторски интервенции на северниот ѕид од нартексот во близина на вратата е откриена ктиторската композиција, и делумно се потврдило тоа што наведувале истражувањата на Сречковиќ и Јастребов.[39] Имено Сречковиќ навел дека имало портрети на кралот Волкашин (со макета на црквата во рака), до него бил кралот Марко претставен како млада фигура, со архиерејска круна на главата, во десната рака држел свиток, а со левата се потпирал на балчакот од мечот, над главите имале натписи.[40] Интересно е да се напомене дека Л. Мирковиќ во својот научен труд од 1933 година, наведува дека од цела прва зона не го исчистиле делот на северниот ѕид што е најблиску до вратата, поточно долг 2.80 метри, а висок 1.12 метри, бил многу оштетен

---

[34] Димитрова 2019, 531–533; Димитрова, Коруновски, Грандаковска 2013, 224; Коруновски, Димитрова 2006, 203.

[35] Стевановић 1922, 216–220.

[36] Стевановић 1922, 293–298.

[37] Како што погоре наведов, целата прва зона е илустрација на композицијата Небесен дворец; Мирковић, 1933, 181–191, 190.

[38] Ibid., 186.

[39] Ношпал–Никуљска 1971, 225–238, 228.

[40] Мирковић 1933, 190.

и бил премачкан со жолта мрсна боја,[41] како што погоре напоменавме токму на ова место е откриена ктиторската композиција.

*Кралот Волкашин* е централната личност во оваа композиција, оваа константација се базира на фактот што на еден зачуван фрагмент има претстава на подвиткани прсти од левата рака, најверојатно во ова рака ктиторот ја држел макетата на црквата и ја покажувал на верниците (на макета во раката упатува и Сречковиќ). Зачуван е фрагмент на кој се гледа облеката поточно дел од богато украсениот лорос.[42] Друго не можевме да откриеме бидејќи претставата е тешко оштетена. Ова е единствената претстава на кралот Волкашин со макета на црква во раката. Претстави на кралот Волкашин има и во црквите: Св. Никола во с. Псача (1365–1371)[43] и Св. Архангел Михаил во Варош - Прилеп (крај на 1371–почеток на 1372).[44]

Источно од кралот Волкашин е претставата на неговата сопруга *кралицата Елена,* зачуван е дел од ореолот, дел од круната, дел од лицето (веѓи, дел од носот и една црвена обетка). На градите е зачувана една дланка во правец кон претставата на кралот Волкашин.[45] Според М. Томиќ–Ѓуриќ, круната на кралицата Елена била висока и отворена, каква што noселе другите средновековни владетелки.[46]

Најмногу фрагменти има зачувано од претставата на *кралот Марко*, насликан е западно од кралот Волкашин. Зачуван е дел од ореолот, дел од круната, дел од лицето, и горниот дел на богато декорираната облека (најверојатно дивитисион и лорос). Во левата рака држи затворен свиток, а во десната држи жезол во облик на крст.[47] Помеѓу главите на кралот Волкашин и кралот Марко, е претставен мал Христос Емануил, кој со раширени раце ги благословува двајцата кралеви.[48]

Помеѓу ликовите на кралот Волкашин и кралицата Елена, има претстава на ангел кој влече облак, во кој има лик на старец со бела коса и брада. Според Н. Ношпал–Никуљска, ова се однесува на кралот Волкашин т.е. на неговата душа која ангелот ја носи на небо, кралот Волкашин

[41] Ibid., 183–184.

[42] Ношпал–Никуљска 1971, 229.

[43] Коруновски, Димитрова 2006, 200.

[44] Ђурић, Бабић–Ђорђевић 1997, 95.

[45] Ношпал–Никуљска 1971, 229.

[46] Томић Ђурић 2019, 391.

[47] Ношпал–Никуљска 1971, 231.

[48] Ibid., 232.

загинал на реката Марица во 1371 година.[49] Натписи не се зачувани, но зачувани се линиите каде што би можеле да бидат напишани. Интересно е да се напомене дека според Јастребов претставата западно од кралот Волкашин, не е на кралот Марко, туку на неговиот брат Иваниш[50]. Други претстави на семејството на кралот Волкашин не се пронајдени. Интересни се да се напоменат и „погрешните" гледања на Сречковиќ и Јастребов, Сречковиќ ги „видел" и царот Душан и св. Сава, а Јастребов – галерија на членови на Немањиќите.[51] Според М. Томиќ Ѓуриќ, преку оваа ктиторска композиција сака да се назначи ктиторското првенство на кралот Волкашин, додека кралот Марко се претставува како втор ктитор, заслужен за доврпувањe на храмот.[52] Затоа кралот Волкашин е претставен како ја држи/држел макетата на храмот во рака.

Следната ктиторска композиција се наоѓа на јужната фасада **(сл.10)**. Во 1964 година токму на оваа фасада на црквата се пронајдени претстави на кралот Волкашин и кралот Марко.[53] Оваа композиција можеме да ја поделиме на три дела т.е. зони. Во долната зона во лунетата, помеѓу портретите на кралевите Волкашин и Марко, е претставен патронот на храмот св. Димитрија облечен во полна воена опрема (панцир, штит, меч и копје) сигниран како О АГ(IO)С/ΔΗΜΗΤΡΙΟС/Ο ΕΛΕ/ΗΜΩΝ (Милостив), над него е Христос Емануил кој ги благословува двајцата кралеви.[54] Над нив се претставени Богородица со Христос и архангел Гаврил со справите на Христовото маченишто, овие елементи ја формираат иконографијата на Богородица Страсна.[55] Во тој дел се насликани и претставите на пророкот Давид, пророкот Соломон, св. Стефан Првомаченик, св. Катерина и св. Анастасија Фармаколитрија.[56] Во рамки на композицијата кралот Марко е претставен од левата страна, додека кралот Волкашин е од десната, двајцата се фронтално насликани.

Претставата на кралот Волкашин е повеќе оштетена од претставата на неговиот син. Обајцата се облечени во пурпурни дивитисиони, богато декорирани лороси и круни на глава. Дивитисионите се украсе-

[49] Ibid., 231–232; Томовски 1969, 195; Атанасовски 2009, 188; Јиричек 2006, 251; Острогорски 1969, 502.
[50] Ношпал–Никуљска 1971, 233–234.
[51] Мирковић 1933, 190.
[52] Томић Ђурић 2019, 392.
[53] Балабанов 1966, 28–29.
[54] Ђорђевић 1997, 299–307, 300.
[55] Ibid., 300; Миљковиќ–Пепек 1997, 63.
[56] Ђорђевић 1997, 300.

ни со: перибрахиони, кружни нашивки на лактовите, епиманики и кружни нашивки на бочните страни на костимот.[57] Во поглед на ликовите, кралот Марко е насликан како млад, со средно долга црна коса, средно долга црна брада поделена на средина. Ликот е претставен строг, икарантот е океаст (потемен) и многу вешто е изведена моделацијата сенките (со нијанси на кафеава боја). Ликот на кралот Волкашин е тешко оштетен, може само да се забележи дека има долга бела коса и брада. Според претходните истражувачи кај главите на двајцата кралеви некогаш се читале и натписи.[58] Различен е начинот на поставување на лоросот, а носат и различни круни. Имено круната на кралот Волкашин е нешто повисока и поширока, круната на Марко е слична, но има и пропендулии.[59] Значајно е да се напомене дека ова круна се разликува од круната што ја носи кралот Марко на претставата во црквата Св. Архангел Михаил во Варош - Прилеп (1371/1372), промената се случила бидејќи Марко највероjатно бил крунисан за крал.[60] Лоросот на кралот Волкашин му бил префрлен преку левата рака. Двајцата кралеви држат долги свитоци, во кои и двајцата се претставени како ктитори.[61] З. Гавриловиќ наведува дека според целата сликана композиција/програма, малиот анекс на јужната фасада служел како крстилница.[62]

Мошне е интересна претставата на старозаветниот рог исполнет со светиот елеј на помазанието во десната рака на кралот Марко, овој елемент е инспириран од псалмот 88.[63] Псалмот 88 е насловен како „Утеха за Давидовиот дом во дадениот завет од Бога“, и во него пишува за „Божјата поддршка на избраникот против непријателите“.[64]

> „Го најдов Мојот слуга Давид; со своето свето масло го помазав. Раката Моја ќе остане со него, и мишката Моја ќе го закрепнува. Непријателот не ќе може ништо да му направи, и синот на беззаконието нема да го собори.

[57] Ibid., 300.

[58] Томић Ђурић 2019, 455.

[59] Ђорђевић 1997, 301.

[60] Во црквата во Прилеп, кралот Марко носи висока отворена круна со перпандулии; Ђорђевић 1997, 301.

[61] Ђорђевић 1997, 301; Томић Ђурић 2019, 454.

[62] Gavrilović 1991, 415–428.

[63] Коруновски, Димитрова 2006, 204; Димитрова 2019, 550; Димитрова, Коруновски, Грандаковска 2012, 227–230; Ђорђевић 1997, 304.

[64] Ibid., 304; Димитрова 2019, 550; Коруновски, Димитрова 2006, 204.

Ќе ги уништам пред него непријателите негови и ќе ги победам оние што го мразат.
И Мојата верност и Мојата мислост се со него, и преку Моето име ќе се возвишува неговиот рог.“
(Псалм 88, 20–24)

Според В. Ј. Ѓуриќ, кралот Марко е претставен како „вториот Давид“.[65] Познато дека уште во V век во византиските извори се спомнува старозаветниот цар Давид, како пример за византиските владетели.[66] Дополнително според нас оваа теза, помазанието на новиот владетел, се потврдува и во „Прва книга царства“ од пророкот Самоил, во која се спомнува рогот на помазнието. Имено во книгата на пророкот Самоил се говори за назначувањето на Давид за цар на Израил, Бог го испратил пророкот Самоил во Витлеем за да го миропомаза новиот цар.

„Самоил го зеде рогот со масло и го
Помаза среде браќата негови, и Духот
Господов почиваше врз Давид од тој ден
и подоцна. Потоа Самоил стана и отиде
во Рама“
(1 Цар 16: 13)

Пораката за Божја поддршка против непријателите, не била упатена кон османлиите туку кон српската властела која го оспорувала легитимитетот на кралот Марко и правото на кралската титула.[67] За оспорувањето на легитимитетот говори и фактот што Твртко I во 1377 година се крунисал за крал.[68] Интересно е што претставата на св. Стефан Првомаченик кој е заштитник на семејството на Немањиќите е вклучена во рамки на фреско програмата на јужната фасада на црквата, со тоа сака да се истакне „легитимитетот на новата владетелска династија“.[69] Од друга страна пак во целиот фрескоживопис на црквата нема претстава на св. Симеон Немања и св. Сава.[70] Додека во низата на светите отци кој се поклонуваат во Службата на архијереите е вклучен и св. Климент Охридски.[71]

[65] Ђурић 1974, 80; Ђурић, Бабић–Ђорђевић 1997, 95.
[66] Ibid., 95.
[67] Ђорђевић 1997, 305.
[68] Ђурић, Бабић–Ђорђевић 1997, 97; Јиричек 2006, 320.
[69] Ђорђевић 1997, 303; Томић Ђурић 2019, 457.
[70] Ђорђевић 1997, 303.
[71] Грозданов 1983, 83.

Датацијата на оваа композиција сè уште не е потврдена, некои научници ја наведуваат годината 1376/1377 (оваа година е наведена и во натписот),[72] друга година која се наведува во науката е околу 1389, според стилот на сликање кој наликува на митрополитот Јован Зограф кој е автор на фрескоживописот на црквата Св. Андреја на Матка заветнина на Андреаш, братот на крал Марко. Црквата Св. Андреја е фрескоживописана во 1388/89[73] година и најверојатно во тој период митрополитот Јован Зограф насликал пет престолни икони за Марковата црква.[74] Доколку појдеме од претпоставката дека оваа фреска е насликана некаде по 1389 година, тогаш кралот Марко симболички се претставил како единствен христијански владетел на територијата на распаднатото Српско царство, ова се должи до фактот дека за време на судбоносната битка на Косово во 1389 година, голем дел од политичките ривали на кралот Марко биле поразени или убиени од страна на османлиската војска.[75] Петте икони создадени за иконостасната преграда на црквата во Марковиот манастир не се потпишани, но можат да се поврзат со ликовната активност на ателјето предводено од митрополитот Јован Зограф. Пластичната експозиција на формите и на прикажаните светителски личности, прецизната обработка на деталите и длабокиот, луминозен колорит на боената палета се најзабележителните одлики, кои реферираат кон мајсторството зографот Јован и соработниците од неговото зографско ателје.[76] П. Миљковиќ–Пепек ги датира овие икони во периодот од 1400 до 1405 година[77]. Интересни се да се напоменат и ставовите на М. Марковиќ, кој иконите ги датира во периодот помеѓу 1365 и 1377 година,[78] исто така ги оспорува тврдењата на П. Миљковиќ–Пепек дека изработката на иконите била финансирана од царицата Елена Драгаш.[79]

Значајни се и сличностите помеѓу престолната иконата на свети Димитирија, и претставата на св. Димитрија на јужната фасада на цр-

---

[72] Според Иван М. Ѓорѓевиќ фреската можеби е насликана во 1376/1377, но е дело на сликар кој не работел во внатрешноста на црквата и западната фасада. (Ђорђевић 1997, 302);Ношпал–Никуљска 1971, 238; Балабанов 1966, 28–29–Балабанов после откривањето на фреските во 1964 го објавува овој текст во кој годината поточно не ја соопштува, но наведува дека е после 1371 година кога е завршена и црквата.

[73] Коруновски, Димитрова 2006, 204; Димитрова 2020, 8–9.

[74] Dimitrova 2007, 379.

[75] Димитрова, Коруновски, Грандаковска 2012, 229; Dimitrova 2007, 379.

[76] Димитрова 2019, 553; Димитрова, Коруновски, Грандаковска 2012, 262–265.

[77] Миљковиќ–Пепек 1997, 52.

[78] Марковић 2013, 147–167, 163; Idem 2015, 251–260, 253.

[79] Idem 2013, 147–167; Повеќе за иконите–Миљковиќ–Пепек 1997, 53–56.

квата во Марковиот манастир (таб. 1). Првобитно епитетот е ист/сличен т.е. „свети Димитрија Милостлив“, на иконата е сигниран како „О АГ(I)ОС ΔНМНТРIОС О АIΛЕ/НМΩN“,[80] додека на фреската е „О АГ(IО)С /ΔНМНТРIОС/О ЕΛЕНМΩN“.[81] Ваквиот епитет, е невообичаен за св. Димитрија и вообичаено се поврзува со св. Јован V Милостив и други светители[82]. Речиси идентичен е ставот на светителот, во едната рака држи копје, другата рака е потпрена на рачката на мечот.[83] Познато е дека постојат мал број на претстави на кој св. Димитрија е означен како милостив.[84] Панцирот е идентичен (панцир со портокалово–златна боја), туниката под оклопот е сина или пурпурна (темно пурпурна на иконата). Штитот кој е потпрен на десната страна е врзан со лента која пак е врзана на левото рамо, во центарот на богато декорираниот штит има претстава на лице во профил што можеби е некој вид на умбо, ваков штит има и св. Теодор Тирон во рамки на фрескоживописот во црквата Св. Андреја на Матка.[85] Воедно двете претстави имааат идентично позиционирана црвена наметка (слично позиционирани наметки имаат некои војници–светители во рамки на фрескоживописот на црквата Св. Андреја на Матка). Врз богато декорираниот панцир има прерамки кој во центарот, каде што се спојуваат во некој вид на медаљон е претставен некаков лик (светител), на иконата е претставен Исус Христос Ангел од Големиот Совет.[86] Физиономијата на ликовите е исто така слична, за жал претставата на св. Димитрија на јужната фасада на црквата е делумно оштетена кај ликот, но според контурите може да заклучи дека и на иконата и на фреската е насликан млад лик со кратка коса.[87] Вака е насликан истиот светител и во црквата Св. Андреја на Матка. Овие сличности се значајни бидејќи реферираат кон творештвото на атељето на митрополитот Јован Зограф, чие дело црквата Св. Андреја на Матка е датирано во 1388/89.[88] Според П. Миљковиќ–Пепек, дел од композицијата на јужната фасада (горните партии: Богородица Страсна, итн) е постара т.е. современа на декорацијата на црквата од 1376/77 година, додека претста-

[80] Ibid., 16.

[81] Ibid., 63.

[82] Gavrilović 1991, 420; Миљковиќ–Пепек 1997, 21.

[83] Ibid., 61.

[84] Томић Ђурић 2019, 465.

[85] Миљковиќ–Пепек 1997, 61.

[86] Ibid., 61.

[87] Ibid., 61.

[88] Димитрова 2019, 600.

вите на св. Димитрија, кралот Волкашин и кралот Марко се насликани од страна на сликари кои не сликале во рамки на внатрешната декорација на црквата (на ова наведува и И. М. Ѓорѓевиќ),[89] и овие три претстави ги датира во 1385 година и повторно ги поврзува со товрештвото на митрополитот Јован Зограф.[90] Интересно е да се напомене дека оклопите насликани од страна на митрополитот Јован Зограф и неговото ателје во рамки на декорацијата на црквата Св. Андреја на Матка содржат фантастични елементи т.е. не се вистински/веродостојни.[91] Ова е јасно видливо и на престолната иконата и на фреската на овој светител на јужната фасада на црквата.

Трите ктиторски композиции во двете цркви иако различни, сепак се примери на фрескоживописот од XIV век. Се забележува една сличност, имено двете надворешни ктиторски композиции се наоѓаат на јужните фасади, а воедно и поставеноста на самите фигури е слична. Можеби може да се претпостави дека зографот, авторот на ктиторската композиција на јужната фасада на црквата во Марковиот манастир, се „инспирирал“ од постарата ктиторска композиција од соседната црква Св. Богородица. Несомнено трите ктиторски композиции се сведоци на богатата средновековна историја на скопската околина.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Атанасовски С. Александар. *Македонија во XIV век*. Напредок, Тетово, 2009.

Балабанов, Коста. *„Новотокривени портрети краља Марка и краља Вукашина у Марковом манастиру“. Зограф 1 (1966)*, 28–29.

Балабанов, Коста, Николовски, Антоние, Ќорнаков, Димитар. *Спомениците на културата на Македонија*. Каламус, Скопје, 2010.

Васиљевић, Хаџи, Јован. *Скопље и његова околина*. Св. Сава, Београд, 1930

Грозданов, Цветан. *Охридско ѕидно сликарство во XIV век*. Матица, Скопје, 2016.

Грозданов, Цветан. *Портретите на светителите од Македонија од IX–XVIII век*. РЗЗСК, Скопје, 1983.

[89] Ђорђевић 1997, 302.

[90] Миљковиќ–Пепек 1997, 63–64.

[91] Ѓорѓиевски 2013, 129–141, 139.

Димитрова, Елизабета. „Уметничката продукција на средновековно Скопје". *Скопје: Осум милениуми живот, култура, творештво* (2019), 471–578.

Димитрова, Елизабета, Коруновски, Сашо, Грандаковска, Софија. *Средновековна Македонија: Историја на уметноста, архитектурата и литературата.* Македонија: културно–историски факти, том.3, Скопје, 2013.

Димитрова, Елизабета. *Црквата Свети Андреја на кањонот Матка.* Каламус, Скопје, 2020.

Ѓорѓиевски, Дејан. „Средновековна дефанзивна облека–прилог кон проучување". *Патримониум 11 (2013)*, 129–141.

Ђурић, Ј. Војислав, Ђорђевић–Бабић Годрана. *Српска уметност у средњем веку II.* Српска књижевна задруга, Београд, 1997.

Ђурић, Ј. Војислав. *Византиске фреске у Југославији.* Југославија, Београд, 1974.

Ђорђевић, М. Иван. „Представа Краља Марка на јужној фасади цркве светог Димитрија у Марковом манастиру". *Кралот Марко во историјата и традицијата, Институт за старословенска култура* (1997), 299–307.

Ђорђевић, М. Иван. *Зидно сликарство српске властеле у доба Немањића.* Филозофски факултет, Београд, 1994.

Јиричек, Константин. *Историја Срба књ.1.* Невен, Београд, 2006.

Коруновски, Сашо, Димитрова, Елизабета. *Византиска Македонија: Историја на уметноста на Македонија од IX до XV век.* Просветно дело, Скопје, 2006.

Коробар–Поповска, Викторија. *Иконите од музејот на Македонија.* Музеј на Македонија–Скопје, Скопје, 2004.

Кнежевић, Бранка. „Богородичина црква у Сушица код Скопља". *Monumenta 4* (2019), 171–185.

Марковић, Миодраг. „Запажања о најстаријим иконама из Марковог манастира (I): Питање ктиторства царице Јелене Драгаш и натпис на штиту светог Димитрија". *Зограф 37* (2013), 147–167.

Марковић, Миодраг. „О пореклу војне титуле светог Димитрија на престоној икони из Марковог манастира". *Niš and Byzantium XII* (2015), 251–260.

Мирковић, Лазар. „Новооткривене фреске у Марковом манастири код Скопља". *Гласник Скопоског Научног Друштво XII* (1933), 181–191.

Мирковић, Лазар. „Још нешто из Марковог манастира код Скопља". *Гласник Скопоског Научног Друштва I* (1926), 301–309.

Мирковић, Лазар, Татић, Жарко. *Марков манастир.* „Графика" уметнички завод, Нови Сад, 1925.

Никуљска–Ношпал, Нада „За ктиторската композиција и натписот на Марковиот манастир–село Сушица, Скопско". *Гласник на Институтот за национална историја XV* (1971), 225–238.

Никуљска–Ношпал, Нада. „Марковиот манастир–монумнет како документ низ историјата". *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I* (1975),

Острогорски, Георгије. *Историја Византије.* Просвета, Београд, 1969.

Пепек–Миљковиќ, Петар. *Непознат трезор икони.* Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје, Скопје, 2001.

Поповић, Ј. Пера. „Прилог за студију старе српске црквене архитектуре". *Старинар I* (1926), 95 –121.

Стевановић, Андра. „Неколико прованих фреско слика откривене у Марковом манастиру (I) “. *Српски Књижевни Гласник 3 (1922)*, 216–220.

Стевановић, Андра. „Неколико прованих фреско слика откривене у Марковом манастиру (крај)“. *Српски Књижевни Гласник 4 (1922)*, 293–298.

Суботиќ, Гојко. *Охридска сликарска школа од XV век*. Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј, Охрид, 1980.

Стојановић, Љубомир. *Стари српски записи и натписа, књ.1*. Српска краљевска академија, Београд, 1902.

Томовски, Томо. „Осамостојувањето на Македонија и нејзиното паѓање под турска власт“. *Историја на Македонскиот народ I (1969)*, 193–196.

Томовић, Гордана. „Ко је био деспот Торник из записа граматика Нестора“. *ЗРВИ XLV (2004)*, 257–270.

Томић Ђурић, Марка. *Фреске Марковог манастира.* САНУ, Београд, 2019.

Таневски, Владимир. „Осврт на некои факти и преданија за животописот на кралот Марко“. *Како си ми ? (2020)*, 149–159.

Ќорнаков, Димитар. *Македонски манастири*. Матица, Скопје, 2009.

Ферјанчић, Божидар. *Деспоти у Византии и јужнословенскиземаља.* Научно дело, Београд, 1960.

Dimitrova, Elizabeta. „The Portal to Heaven: Reaching the Gates of Immortality“. *Niš and Byzantium V (2007)*, 367–380.

Dimitrova, Elizabeta. *„Cultural CSI–Four cases of Socio-Artistic investigation: files, exhibits, evidence“. Патримонуум 17 (2019)*, 117–134.

Gavrilović, Zaga. „The portrait of King Marko at Markov Manastir (1376–1381)“. *Byzantinische Forschungen XVI (1991)*, 415–428.

Vladimir Tanevski
Foundation “Makedonida”

## FOUNDER COMPOSITIONS FROM THE VILLAGE OF MARKOVA SUŠICA (HOLY VIRGIN AND ST. DEMETRIUS)

(summary)

The founder compositions from churches of the Holy Virgin (sometimes called church of St. Nicholas) and St. Demetrius in the Marko’s monastery, back to the XIV$^{th}$ century. They are located in the same village near Skopje. The Skopje region abounds with cultural heritage monuments from the XIV$^{th}$ century, most of them are located on the mountain of Skopska Crna Gora and the Matka region.

Holy Virgin (St Nicholas)–the church is located on the road leading to the Marko's monastery. It is a simple one-isled church with a narthex on the west side. The naos of the church was probably build during the end of the XIII$^{th}$ and beginning of the XIV$^{th}$ century. The narthex meanwhile was built in the XIV$^{th}$ century. The heavily devastated founder composition is located on the south façade above the main entrance. The composition is composed by six figures, three on each side between a pseudo icon of St. Nicholas. Most probably this is a depiction of kaznac Dragoslav and his family. The village of Markova Sušica was given to kaznac Dragoslav as a feudal property in around 1300, he later became a despot. His family, wife and children are noted in the founder inscription of the church of the Virgin Hodegitria in the village of Mašutište (Kosovo) completed in 1315. If we accept that the depicted are the family of the kaznac Dragoslav, then the composition can be dated in the first half of the XIV$^{th}$ century.

St Demetrius, Marko's monastery–this church was build and fresco decorated in the period from 1345 to 1376/77. This information is written in the founder inscription on the south wall in the interior of the church. This church contains two founder compositions, one on the north wall in the interior of the church and another on the south façade. The composition in the interior is heavily devastated, from the fragments we can conclude that the composition contains the depictions of king Volkašin, queen Elena and king Marko. It is important to note that king Volkašin is holding a model of the church which is an indication of his primary role in the founding of the church and the monastery. The composition on the south façade contains the depiction of king Volkašin and king Marko, between them is a depiction of St. Demetrius. King Marko in his right hand is holds the horn of anointment, inspired by Psalm 88. King Marko is depicted as "second David", and a rightful ruler of this land. The dating of the composition is still debated some researchers date this composition to 1376/77. Others researchers date this fresco around 1389, and attribute to the fresco painter–metropolitan Jovan. This indicated that king Marko was depicted as the last Christian ruler of the disintegrated Serbian Empire. Metropolitan Jovan and his atelier painted the church of St Andrew in the Matka canyon, built and frescopainted in 1388/89. The founder of this church was king Marko's brother, Andrew.

# ИЛУСТРАЦИИ



Сл. 1. Црквата Св. Богородица (извор: Марковић, Татић 1925, 29)




Сл. 2. План на црквата Св. Богородица (извор: Марковић, Татић 1925, 29)



Сл. 3. Црквата Св. Архангели (извор: Марковић, Татић 1925, 30)




Сл. 4. План на црквата Св. Богородица/Св. Никола (извор: Марковић, Татић 1925, 28)



Сл. 5. Црквата Св. Богородица/Св.Никола Николимуки (извор: Мирковић 1926, 304)



Сл. 6. Ктиторска композиција – црква Св. Богородица



Сл. 7. Цртеж на ктиторската композиција во црквата Св. Богородица
(цртеж според И. М. Ѓоргевиќ)



Сл. 8. Внатрешна ктиторска композиција во црквата Св. Димитрија (фото: Д. Николовски)



Сл. 9. Цртеж на внатрешната ктиторска композиција од црквата Св. Димитрија (извор: Ношпал Никуљска 1971, 230)



Сл. 10. Ктиторската композиција на јужната фасада на црквата Св. Димитрија ( фото: В. Таневски)



Таб. 1. 1) Икона на св. Димитрија (извор: Викторија Поповска–Коробар. *Иконите од музејот на Македонија*. Музеј на Македонија–Скопје, Скопје, 2004) 2) Претставата на св. Димитрија на јужната фасада од црквата во Марковиот манастир (фото: В. Таневски)



Таб. 2. 1) Св. Ѓорѓи и Св. Димитрија, Св. Андреја, Матка. 2) Св. Теодор Тирон, Св. Андреја, Матка (извор: Димитрова 2020, 48–49)

⟨вь⟩ х(рист)а б(ог)а ...|н... вни | прѣ...крала | ...

1

А(зь) вь | х(рист)а б(ог)а
бла | (говѣ)рьни | крал(ь) Марко | сьз(ь)дах(ь) и | поп(и)с(а)хь | с(ы) божес|твни хра|ц(ь)...

2

⟨вь⟩ х(рист)а б(ог)а ⟨благовѣр⟩|ни ⟨самодржа⟩вни | прѣ⟨високи⟩ краль | ...

3

Аз(ь)
вь х(рист)а | б(ог)а благ|овѣрьни к|рал(ь) Влька|шинь ... | ...| ... бож...| храц(ь) да | тко ... | ѡд ...
да ...| сту....

4

Таб. 3. 1) Натписот кај главата на кралот Марко, јужна фасада на црквата Св. Димитрија
2) Текстот на свитокот на кралот Марко, јужна фасада на црквата Св. Димитрија
3) Натписот кај главата на кралот Волкашин, јужна фасада на црквата Св. Димитрија
4) Текстот на свитокот на кралот Волкашин, јужна фасада на црквата Св. Димитрија
(извор: Томић Ђурић 2019, 547–548)